View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
brought to you by CORE

UDK 341.231.14:314.151.3-054.7(497.7)

# ПРЕКУ СОСТОЈБАТА НА БЕГАЛЦИТЕ И МИГРАНТИТЕ ДО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ВО ТРАНЗИТНИТЕ ЗЕМЈИ

**Тони Ѓоргиев**
Вонреден професор на Воена академија „Ген. Михаило Апостолски"Скопје
E-mail: tonigjorgiev@yahoo.co.uk

**Гоце Стоиловски**
PhD кандидат на Воена академија „Ген. Михаило Апостолски"Скопје
E-mail:gocestoilovski1974@gmail.com

**Апстракт**
Во последно време поради појавата на наплив на голем број лица кои транзитираат, се почесто се поставуваат прашањата кои се однесуваат на обврските на државите во поглед на почитување на правото на живот, условите во кои престојуваат задржаните мигранти како и правото на фер судење.
Во овој труд авторите од извршеното согледување и компарација на повеќе документи или извештаи од различни институции и здруженија, кои се однесуваат на ефикасноста од правната заштита на бегалците и мигрантите во периодот на последните неколку години, ќе ги сублимираат важните препораки со цел давање на одредена заедничка насока кое ќе послужи како основа за планирање на одредени идни чекори за успешно реализирање на обврските спрема бегалците и мигрантите на Балканската рута и пошироко.
**Клучни зборови:** *бегалци, мигранти, капацитети, права*

# THROUGH THE SITUATION OF REFUGEES AND MIGRANTS TO STRENGTHEN CAPACITY IN TRANSIT COUNTRIES

**Toni Gjorgiev**
Associate rofessor, Military Academy "Gen. Mihailo Apostolski"- Skopje
tonigjorgiev@yahoo.co.uk

**Goce Stoilovski**
PhD Candidate
Military Academy "Gen. Mihailo Apostolski" Skopje, gocestoilovski1974@gmail.com
gocestoilovski1974@gmail.com

**Abstract**
In recent times, with the emergence of a surge in the number of transiting persons, questions have been raised about the obligations of states in respect of the right

to life, the conditions in which detained migrants reside as well as the right to a fair trial.
In this paper, the authors of the review and comparison of several documents or reports from various institutions and associations on the effectiveness of refugee and migrant legal protection over the last few years will summarize important recommendations with a view to making certain common direction that will serve as the basis for planning some future steps for successful realization of the obligations towards refugees and migrants on the Balkan Route and beyond.

**Keywords:** refugees, migrants, capacities, rights

**1. Вовед**

Европската мигрантска криза или бегалска криза е поим даден за период во почетокот на 2015 година кога поголем број на луѓе мигрираа во Европа, патувајќи во главно преку Средоземното море. Транзитните земји на бегалци и мигранти од Балканот, изминатиот период се соочуваа со голем број на бегалци и мигранти кои транзитираа, со крајна цел кон западноевропските земји. За осигурување на безбедно транзитирање на оваа категорија на луѓе, покрај со човечки ресурси, потребно е да се располага и со одредени капацитети како за бегалците и мигрантите така и за лицата кои на било кој начин ќе се вклучат или бидат вклучени со цел поуспешно справување со овој проблем. Намалување на притисокот врз фронталните држави се бара преку елиминирање на пречките за слободно движење на лица на кои им е доделена меѓународна заштита во ЕУ и преку ревидирање на Директивата за долгорочен престој и воспоставување на систем за заемно признавање на позитивните одлуки за меѓународна заштита.

Во препораките на Амнести Интернешнал е нотирано дека е потребно строго да се почитува и спроведува правото на ЕУ во однос на азилот, во однос на обработувањето на барањата за азил и приемот на баратели на азил и нерегуларни мигранти од страна на земјите членки на ЕУ заради почитување на нивните човекови права.

Во Програмскиот извештај за влијанието кое го има затворањето на границите врз бегалците и мигрантите во Србија и Македонија со посебен фокус на жени и деца, направено е согледување на проблемите со кои се соочуваат бегалците и мигрантите, особено жените и децата кои транзитираат или престојуваат во Македонија и Србија по затворањето на Балканската рута од аспект на обезбедување заштита на овие лица, а содржи и препораки за тоа како да се заштити нивната безбедност, достоинство и човекови права.

Како едно од прашањата на коишто Народниот правобранител како Национален превентивен механизам му посвети особено внимание е и почитувањето на правата на мигрантите и бегалците и во текот на 2017 година. Во извештајот од Народниот правобранител се нотирани проблемите од годината која е обележана главно со политиката на затворени граници прифатена и спроведувана и од македонските власти односно политика која претставува директно погазување на принципите на бегалското право предвидени во Конвенцијата за статусот на бегалците и во останатите меѓународни документи на коишто Македонија е потписничка. Со оваа политика, се

предизвикува влошување на и онака тешката ситуација на лицата кои бараат меѓународна заштита, преку поттикнувањето на илегалната миграција заедно со сите безбедносни ризици кои ги носи по животот и безбедноста на мигрантите и бегалците.

Во Извештајот за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија се презентирани повредите на човековите права кои се забележани во текот на 2014 и 2015 година. Освен документирањето на повредите на човековите права, извештајот ја анализира и ефикасноста на правните средства, пред се на судската заштита на граѓаните во забележаните случаи и истиот има цел да придонесе во создавање слика на состојбата со човековите права. Во него посебен фокус е ставен на правната заштита на човековите права, односно како и до која мерка правните механизми како гарант за заштита на човековите права се ефикасни во заштита на истите и сето тоа надоврзано на останатите национални и меѓународни извештаи.

Од Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година меѓу другото е евидентно и дека Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција изготви „Национална стратегија" и „Национален акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција за период 2017-2020 година.

Во Годишниот извештај за имигрaциската притвор во Македонија за 2016 година е нотирана праксата во Македонија на задржување на државјани на трети земји во 2016 година. Овој извештај ги третира засегнатите лица кои беа задржани во Прифатниот центар за странци во Скопје и поголемиот дел од задржаните лица станале баратели на азил по нивното ослободување. Во истиот се содржани податоци за задржаните државјани на трети земји, основите и условите на задржување и постапката за азил на оние кои побарале азил по ослободувањето.

Со зајакнати капацитети, општеството низ кое транзитираат оваа категорија на група на граѓани, покрај тоа што ќе ја заврши својата основна функција, а тоа е заштита на националната, регионалната и меѓународната безбедност исто така ќе овозможи и заштита од хуманитарен аспект согласно Конвенциите.

## 2. Амнести Интернешнал до Европската Унија и земји од Балканската рута за бегалците и мигрантите

Според Амнести Интернешнал од страна на Европската Унија и земјите од Балканската рута потребно е да се понудат побезбедни траси на бегалците за да имаат пристап и заштита како и да се зголемат местата за прифаќање и бројот на хуманитарните визи за бегалците.

Понатаму се препорачува да се олесни семејното обединување за бегалците, кои имаат членови на семејството, кои живеат во Европската Унија, преку примена на широка дефиниција на членовите на семејството која би ги вклучувала и пошироките семејства и примена на флексибилност во однос на документациските или другите услови.

Исто така се бара за бегалците да се обезбеди пристап до азил на надворешните копнени граници на Европската унија како и да се подобри финансиската, техничката и оперативната поддршка од страна на ЕУ насочена кон фронталните земји членки на ЕУ за обработка на барањата за азил и за прием на барателите на азил.

Значајно е да се напомене и обезбедувањето на дополнителна финансиска и

техничка поддршка за помош на Србија и Македонија заради подобрување на нивните системи за азил и заради прием на барателите на азил.[1]

Во препораките од Амнести Интернешнал од српското Министерство за внатрешни работи се бара да се основа целосно независна Служба за азил, која ќе обезбедува брз пристап до индивидуализираниот процес за азил, вклучително преку навремена регистрација и издавање на лични карти, водење на разговори со бегалците, адекватно земање во предвид на точни и ажурирани информации за земјата на потекло и обезбедување на одлуки за бегалски статус во рамки на разумен временски рок[2].

Во согласност со принципот на *не-репатријација*, се препорачува да се посвети должно внимание одлуките за бегалскиот статус да бидат првично земени во предвид, а, доколку е неопходно, жалбите суштински да се прегледуваат, без оглед дали некоја држава, вклучително и Македонија, се смета за безбедна трета земја.[3]

При ревидирањето на Законите за азил значајни се консултациите со релевантните агенции, со УНХЦР и со невладините организации за да се осигура дека е целосно во согласност со меѓународните стандарди и дека ги надминува сите недостатоците.

Во препораките се бара и почитување на пресумпцијата согласно меѓународните стандарди против притворање на бегалците и мигрантите.

За одбележување и барањето на гаранција на правата на малолетниците без придружба, вклучително на азил, преку ефикасна имплементација на системот за старателство и законски наведените заштити. Од Одделот за азил се бара да располага со доволно обучен, квалификуван и искусен цивилен персонал и дека располага со финансиски и техничките ресурси потребни за почитување, заштита и исполнување на правата на барателите на азил.[4]

Значајно е и осигурувањето дека Граничната Полиција (и персоналот во прифатниот центар за азиланти) е обучена за идентификација на посебно ранливите баратели на азил, вклучително малолетниците без придружба или разделените малолетници, жртвите на тортура или друг лош третман, силување и друго сексуално насилство и жртвите на трговија со луѓе.

Со воспоставувањето на ефикасен механизам за упатување со релевантните државни агенции и со невладини организации се очекува обезбедување на конкретна поддршка и задоволување на нивните процедурални потреби. Во препораките се бара и осигурување дека бегалците и мигрантите не подлежат на лош третман и експлоатација од страна на полициските службеници, вклучително и од страна на Граничната Полиција, обезбедувајќи дека сите пријави за прекршувања ќе бидат итно, темелно и непристрасно истражени. Многу важно е и да им се дозволи на УНХЦР и на граѓанските организации да пристапат до местата на притвор, за да го набљудуваат почитувањето на правата на бегалците и мигрантите.

Воздржувањето од незаконски истуркувања во Македонија е многу значаен

1 Види:Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал јули 2015
2 Независна од Министерството за внатрешни работи, која ќе располага со доволно обучен, квалификуван и искусен цивилен персонал и ќе биде обезбедена со финансиски и технички ресурси потребни за почитување, заштита и исполнување на правата на барателите на азил.
3 Види:Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал јули 2015
4 Види:Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал јули 2015

момент во прилог на почитување на правата на бегалците.[5]

Потребно е од страна на граничната Полиција да се обезбеди на сите оние што влегуваат во државата можност да побараат азил и се бара почитување на одлуката на Врховниот Суд за воздржување од притворање на луѓе кои изразиле интерес за барање на азил во Србија.

Се препорачува и осигурување дека било кое притворање во однос на миграцијата е неопходно и пропорционално и одлучено врз основа на испитување на индивидуалните околности, вклучувајќи ги сите процедури и заштити наведени во меѓународните стандарди.[6]

Потребно е да се воспостави и механизам за заштита на бегалците и мигрантите од злоупотреби од страна на вооружени банди, а сторителите секогаш мора да бидат изведени пред лицето на правдата.[7]

Во однос на притворањето на мигрантите и бегалците потребно е да се преземат мерки за ставање крај на нечовечките и понижувачките услови на притворот во Прифатниот Центар за Странци (Гази Баба) и веднаш да се изнајдат алтернативи за притворот. Значајно е да се запре и праксата на притворање на бегалците и мигрантите како сведоци во кривични постапки.

Препораки на Амнести Интернешнал од владата на Унгарија во однос на азилот бараат овозможување за сите бегалци што влегуваат во Унгарија нерегуларно, вклучително од Србија, да имаат пристап до фер и ефикасен процес на азил, вклучително преку индивидуализирано одредување на нивните потреби за заштита.[8]

За Граничната Управа се препорачува да им овозможи на оние, кои се пресретнати на границата, или во граничниот простор, да можат да бараат азил на регуларните места за преминување на границата и да имаат пристап до ефикасен правен лек против било која одлука за депортација, како и да им се овозможи на бегалците и мигрантите, кои бараат да влезат во Унгарија, да не бидат изложени на незаконски потиснувања или лош третман и истражете ги сите наводи за таквите практики.

Се бара и усвојување пресумпција против враќањето, вклучително преку Договори за реадмисија, на бегалците во Србија.[9]

### 3. Бегалците и мигрантите низ призмата на Програмскиот извештај за влијанието кое го има затворањето на границите врз бегалците и мигрантите во Србија и Македонија, со посебен фокус на жени и деца

Појавата на се поголемиот број на лица кои транзитираат се рефлектира со зголемен притисок врз државите долж Балканската рута и ги надмина капацитетите на овие држави. Како резултат на тоа нивниот одговор за справување со оваа појава беше бавен и неорганизиран.

Во текот на 2015 година лицата кои транзитираа преку балканската рута се соочуваа со голем број на проблеми и без или со ограничен пристап до помош. Овие лица беа соочени со ризикот да да бидат приведени и/или потиснати назад преку

5 Потребно е и усвојување пресумпција против враќањето на барателите на азил во Македонија во согласност со принципот за не-репатријација, вклучително и преку Договори за реадмисија.
6 Види:Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал јули 2015
7 Види:Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал јули 2015
8 Види:Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал јули 2015
9 Види:Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал јули 2015

границата, да станат жртви на злоупотреба или експлоатација од криумчарите и криминалните групи или да се соочуваат со други опасни ситуации по нивните животи.

„Како одговор на широко распространетите критики, како и објавата на Германија дека ги отвара своите граници за бегалците од Сирија, државите од Западен Балкан (вклучително Македонија, Србија, Хрватска и Словенија) ја зголемија меѓусебната координација долж Балканската рута и усвоија многу прагматични политики кои им овозможија на луѓето непречен транзит. Иако ситуацијата беше подобрена, продолжија проблемите со обезбедувањето на информации и соодветна заштита, идентификување на ранливите случаи како и експлоатацијата од криумчарите“.[10]

Меѓутоа ситуацијата долж Балканската рута, значително се измени бидејќи државите кои беа крајна дестинација (Германија, Шведска и Австрија) ја напуштија нивната политика на отворени граници, а Европската унија започна да соработува со Турција во обидите да се намали приливот на нерегуларни мигранти. Од март 2016 година, Балканската рута беше ефективно затворена за лицата кои немаа легални документи за влез, оставајќи илјадници лица заглавени долж рутата.

Но, и по затварањето на Балканската рута, нерегуларните движења долж рутата продолжија, несомнено со помал интензитет, но мрежите на криумчари се адаптираа на новонастанатата ситуација, а ги прилагодуваа и рутите на движење.

„Влијанието на воведените рестрикции, вклучително затворањето на границите имаше драстично влијание врз мигрантите, а помеѓу нив и бегалците. Со овие мерки, не само што се изврши повреда на меѓународното право, при што на овие лица грубо им беше оневозможен или ограничен пристапот до постапка за признавање на право на азил во која нивното барање ќе биде соодветно разгледувано, истовремено ги зголеми и страдањата и ризиците на овие лица, кои се пренасочуваа кон небезбедните нерегуларни транзитни рути“. [11]

Кога Балканската рута беше затворена огромен број на лица кои транзитираа се најдоа закочени во прифатните или транзитните центри, а истите дизајнирани за привремен престој од еден до два дена, но не и за долготрајно сместување. Основните потреби за заштита и поддршка не беа задоволени од причина што условите во центрите не беа соодветни за задоволување на истите. Кога на ова ќе се додаде и зголемената неизвесност и губењето на надеж дека ќе стасаат во државите кои им се финална дестинација, се доаѓаше до состојба на револт и незадоволство кај овие лица. А

Друг проблем за овие лица, кои по затварањето на границите се одлучија да поднесат барање за признавање на право на азил, е и тешкиот пристап до постапка за признавање на право на азил, одложеното издавање на идентификациони документи и состојби кои се однесуваат на квалитетот на донесените одлуки за азил односно слабите институционални капацитети во Македонија и во Србија.

---

10Види повеќе во „Програмски извештај за влијанието кое го има затворањето на границите врз бегалците и мигрантите во Србија и Македонија, со посебен фокус на жени и деца“/Оксфам и неговите партнери-Белградски центар за човекови права и Атина од Република Србија и Македонско здружение на млади правници и Отворена порта/Ла Страда од Република Македонија/Септември 2016 година.

11Види повеќе во „Програмски извештај за влијанието кое го има затворањето на границите врз бегалците и мигрантите во Србија и Македонија, со посебен фокус на жени и деца“/Оксфам и неговите партнери-Белградски центар за човекови права и Атина од Република Србија и Македонско здружение на млади правници и Отворена порта/Ла Страда од Република Македонија/Септември 2016 година.

**4. Правата на бегалците и мигрантите од Годишниот извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2017 година**

Во Годишниот извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2017 година, Народниот правобранител констатира дека еден од поголемите проблеми со незаконитото задржување на лицата во Центарот за странци е се уште нерешен. Имено, „Продолжува праксата лицата да се задржуваат во Центарот со решенија на Министерството за внатрешни работи заради утврдување на идентитет и покрај тоа што единствено надлежен да донесе решение за задржување по тој основ е исклучиво судот“[12]. Во овие решенија недостасуваат информации за лицата во однос на времетраењето и причините за задржувањето како и поради јазичните бариери немањето можност да се запознаат со содржината на решенијата а следствено на тоа и искористување на правото на жалба.

Значајно за одбележување од овој извештај е и можноста за поднесување барање за признавање право на азил во Република Македонија, односно ова право овие лица можат да го искористат по нивното сведочење пред соодветниот суд во постапките што се водат против трети лица.

Во Центарот за странци, како еден од проблемите се и несоодветните услови за сместување и исхрана, односно повеќепати од страна на Народниот правобранител е забележано дека овој објект инфраструктурно не ги задоволува стандардите за задржување на лица.

Понатаму во овој извештај е констатирано дека останува нерешен проблемот со групните депортации на бегалците и мигрантите во земјата од каде што лицата го извршиле нерегуларниот влез
на територија на Република Македонија, без никакви формалности и почитување на предвидените законски процедури, така што во голем дел намалувањето на бројот на бегалците во Република Македонија се должи токму на оваа негативна пракса.

Како проблем од образовно-едукативен карактер, нотирани во извештајот, е тоа што за децата бегалци и мигранти „Образовно-едукативните програми кои се спроведуваа за деца и помлади малолетни лица, во изминатиот период се реализираа со намален интензитет и воопшто не може да стане збор за вклучување на децата во редовен образовен процес“[13].

Покрај проблемите и слабостите во извештајот е констатирано дека е подобрена координацијата меѓу надлежните во Центарот, со далеку поголема транспарентност при преземањето на дејствија, како од надлежните државни институции, така и од невладините организациите присутни на терен, а извесен напредок во однос на ограничувањето на слободата на движење, претставува и овозможувањето на барателите на азил за излегување надвор од Прифатниот центар, најчесто во придружба на претставници на Црвениот Крст.

12Види Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2017 година/Народен правобранител/Скопје, март 2018 година.
13Види Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2017 година/Народен правобранител/Скопје, март 2018 година.

## 5. Правата на бегалците и мигрантите од Извештајот за ефикасноста на правната заштита на човековите права во текот на 2014 и 2015 година

Во текот на 2014 и 2015 година, бегалската криза“ меѓу другите прашања поврзани со човековите права ги отвори прашањата кои се однесуваат на обврските на државата во поглед на почитување на правото на живот, условите во кои престојуваат задржаните мигранти како и правото на фер судење.

Од овој извештај се гледа дека во овој период во Прифатниот цантар за станци во Гази Баба има лоши и нечовечки услови во кои се сместување мигрантите а особено за жени и деца односно услови под сите минимални стандарди. Регистрирано е и полициско насилство врз мигрантите во Гази Баба[14]. Понатаму, **„**Зачестеноста на несреќите, бројот на лица кои настрадаа, како и долгиот временски период во кој се случуваа ваквите несреќи укажуваат на неможноста на државата да го заштити правото на живот на лицата кои транзитираат низ државата, па и да се работи за лица кои нелегално влегле во РМ“[15].

Како еден по поголемите проблеми е забележано дека „Во текот на 2014 и 2015 година во РМ се воспостави пракса на лишување од слобода на мигранти заради обезбедување на нивно присуство како сведоци во кривични постапки против лица осомничени за криумчарење на мигранти.

Лица со странско државјанство кои влегле нелегално на територијата на РМ и при транзитирањето низ територијата на РМ се приведувани од страна на полицијата заедно со лица кои се сомничат како криумчари на мигранти се задржувани во Прифатниот центар за странци во Гази Баба и по неколку месеци. Причина за задржувањето е да се обезбедат нивни искази како сведоци пред суд на главна расправа. Ваквото лишување од слобода, без судска одлука и без правен основ е противуставно и спротивно на членот 5 од ЕКЧП. Според конвенцијата, лишување од слобода е можно само во точно определени околности, а обезбедувањето присуство на сведок на суд не е една од нив. Покрај задржување на лицата кои треба да се повикаат како сведоци во Прифатниот центар се задржувале и нивните семејства“[16].

## 6. Илегалната миграција во Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година

Од Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година е евидентно дека целите на „Националната стратегија“ и „Националниот акциски план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција за период 2017-2020 година изготвени од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција се насочени кон зголемување на ефикасноста на институциите, како на централно така и на локално ниво.

Според извештајот, поради геостратешката положба, Република Македонија и во текот на 2017 година е користена како транзитна земја за мигрантите од земјите од

14Human Rights Watch – Како да не сме луѓе – Полициска бруталност врз мигрантите и барателите на азил во Македонија. 2015 година.

15Види повеќе во Извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија / Македонско здружение на млади правници / септември 2014-декември 2015 година.

16Види повеќе во Извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија / Македонско здружение на млади правници / септември 2014-декември 2015 година.

Блискиот Исток и Африка. Во овој извештај е нотирано дека според Стејт департментот на САД, Република Македонија е рангирана во ТИЕР 2, група на држави што ги исполнуваат минималните стандарди при справување со трговија со луѓе. Од страна на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција а согласно насоките и препораките на ГРЕТА, изготвен е и Годишен оперативен план со цел прегледност на исполнување на активностите предвидени во Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година.

Од страна на Меѓународната органзиација за мигарции изработени се информативни материјали за потребите на граничната полиција во однос на идентификацијата и упатувањето на непридружувани деца-странци и деца разделени од родители, како и подигнување на светса на мигрантите и бегалците за ризикот од експлоатација и злоупотреба долж мигрантската рута.

За одбележување според овој извештај е формирањето на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе а во насока на подобрување на капацитетите за справување со трговијата со луѓе и криумчарење мигранти.

„Активностите во однос на илегалната миграција и криумчарење мигранти во 2017 година се однесуваа на идентификување на лица-членови и соработници на организирана криминална група кои се дел од меѓународни криминални мрежи за криумчарење мигранти“[17].

**7. Задржувањето на државјани на трети земји во Годишниот извештај за имиграцискиот притвор во Македонија за 2016 година**

Во годишниот извештај за имиграцискиот притвор во Македонија за 2016 година е нотирано дека во 2016 година најмалку 438 лица беа задржани, од кои 21 беа задржани во Прифатниот центар за странци а поголемиот дел од задржаните лица кои бараа азил потекнуваат од Пакистан, Авганистан, Иран, Сирија и Мароко, а помал број од другите земји. Задржување се разликува во зависност од полот и возраста на лицата а жените и децата се задржуваат во помал број.

Во однос на правниот основ е констатирано дека истиот се однесува за задржување за присилно отстранување поради нерегуларен влез во земјата. Понатаму, „Од вкупниот број на баратели на азил во Република Македонија во 2016 година, 56% поднеле барања во Прифатниот центар за странци“[18].

Според извештајот, најголемиот дел од задржаните лица биле приведени во моментот кога ги користеле услугите на криумчарите на мигранти и биле пуштени на слобода по давањето на исказ во кривичната постапка која се водела против криумчарите на мигранти односно лицата биле известени од страна на полицијата дека се задржани поради тоа што на судот му е потребно нивното присуство во текот на кривичната постапка против лицата кои криумчареле мигранти. Лошите услови за сместување и исхрана на задржаните лица во Прифатниот центар за странци се констатирани и во овој извештај.

17 Види повеќе Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година / Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција / Скопје, 2018 година.

18 Види Годишен извештај за имиграцискиот притвор во Македонија за 2016 година/Македонско здружение на млади правници/ 2016 година.

**8. Заклучок**

Многумина од илјадниците бегалци и мигранти, кои патуваат по трасата на Западен Балкан до Западна Европа се наоѓаат заробени надвор од границите на ЕУ, без никаква правна заштита или статус.

Факт е дека во последните години е зголемен бројот на бегалци и мигранти кои патуваат низ Западен Балкан кон Европската Унија во потрага по безбедност и заштита.

Патувањето на бегалците и мигрантите често пати е ризично, а понекогаш опасно и нерегуларно. Тоа се прави поради очајот на луѓето, кои бегаат од војна или друго насилство, прогон, дискриминација или сиромаштија, со надеж дека ќе добијат азил, безбедност и сигурност. Предизвиците за нив се особено големи, пешачејќи при секакви временски прилики, преку планини и реки, понекогаш без храна и вода со денови. Исцрпеноста, болката и гладот имаат и физичка и психолошка цена. Балканската траса дефинитивно не е безбедна. На македонската граница со Грција и на српската граница со Македонија, бегалците рутински подлежат на незаконски задржувања и лош третман од страна на Граничната Полиција. Тие може да бидат произволно притворени од страна на властите. Нивниот нерегуларен статус, исто така, ги изложува на финансиска експлоатација од страна на полициските службеници, кои го злоупотребуваат своето овластување барајќи поткуп.

Досегашното искуство докажува дека Балканската рута е далеку од безбедна, а бегалците кои што се обидуваат да побараат азил во земјите од оваа рута се соочени со сериозни пречки.

Во последните неколку години, правната рамка за третман на бегалците, барателите на азил и другите лица кои имаат потреба од меѓународна заштита бележи значителен напредок. Исто така, забележливи се и напорите на државата за подигнување на расположливите капацитети и подобрување на постоечката инфраструктура за третман на овие лица.

Во пракса сè уште постојат клучни разлики помеѓу домашната легислатива и меѓународните стандарди (основи за одбивање, семејно обединување, безбедна трета земја и др.). Оваа состојба доведува до ситуација каде иако најголемиот дел од законодавството е хармонизирано со меѓународните стандарди, неколкуте клучни разлики овозможуваат вкупен третман на начин кој драстично се разликува од духот на Конвенцијата за статусот на бегалците и останатата меѓународна правна рамка.

Постои огромно задоцнување со имплементацијата на новите законски решенија и голема дискрепанција помеѓу легислативата и практиката.

Обезбедувањето на потребната опрема и човечки ресурси за примена на новите процедури, и покрај законските измени и воспоставувањето на промените во пракса често доцно. Истовремено, законските измени со кои се проширува значењето на поимот „безбедна трета земја“ резултира со пракса на враќање која е во директна спротивност со принципите на меѓународното право за третман на бегалци, баратели на азил и други лица кои имаат потреба од меѓународна заштита.

Затворањето на Балканската рута и рестриктивните политики, имаа драстични последици за мигрантите, вклучително бегалците а особено за жените и децата кои претставуваат повеќе од половина од луѓето кои транзитираат и цврсто се решени да го продолжат долгото и небезбедно патување. Зависноста од криумчарите, суровите

услови, ограничениот пристап до услуги и потешкотии да пристапат до системот за азил, има влијание на нивното физичко и ментално здравје.

Согласно меѓународните стандарди, многу важно е на овие лица да има бидат обезбедени достоинствени и безбедни услови на сместување, а на нивните потреби да се соодветно да се одговори.

Потребно е да се даде приоритет на безбедноста, достоинството и правата на барателите на азил и мигрантите наспроти нивните рестриктивни политики, вклучително затворањето на границите, кои ги принудуваат луѓето да пристапат кон опасни патувања со цел да ги минат границите незабележани.

Понатаму, од голема важност е да се креираат побезбедни, потранспарентни регуларни можности за постојано и привремено движење и како прашање од неодложна природа да го подобрат пристапот до меѓународна заштита во Европа за лица кои бегаат од конфликти и прогон, вклучително пристапот до правична, транспарентна и ефикасна постапка за азил, пофлексибилни политики за семејно обединување и релоцирање.

Значително ќе се подигне нивото на квалитетот на потребните услови преку развивање и имплементирање на целосен координиран одговор за жртвите на родово базирано насилство и трговија со луѓе, вклучително со обезбедување на безбедни куќи, или онаму каде што тие веќе постојат зголемување на нивните капацитети и вработување на обучен кадар.

Нужно е и зајакнувањето на капацитетот на службените лица кои треба да идентификуваат и одговорат на ранливи категории на лица, вклучително жртви на трговија со луѓе и да превенираат и соодветно да одговорат на случаи на родово базирано насилство.

Развивањето и имплементирањето на унифицирани процедури за определување на најдобриот интерес на детето, назначување на законски застапник-старател и ефективни процедури за проценка на возраста и обезбедување на соодветно сместување многу ќе значи за заштита на правата на овие лица.

Преку воведување на посебни центри за сместување на ранливи категории на лица неминовно до одреден степен ќе биде зајакната нивната безбедност.

Со само неколку безбедни и легални траси кои водат до ЕУ, многумина од илјадниците бегалци и мигранти, кои патуваат по трасата на Западен Балкан до Унгарија се наоѓаат заробени надвор од границите на ЕУ, во Србија и Македонија, без никаква правна заштита или статус. Бегалците се соочуваат со значајни пречки во однос на добивањето на азил во секоја држава за време на нивното патување. Мигрантите како и бегалците се под постојан ризик од експлоатација, произволен притвор и лош третман за време на нивното патување.

Потребно е зајакнување на капацитетите земјите од Западен Балкан како транзитни земји преку воспоставување на безбедни и регуларни рути, а со единствена цел почитување и заштита на правата на бегалците и на мигрантите.

**Користена литература**

Amnesty International: „*Europe's Borderlands: Violations against Refugees and Migrant in Macedonia, Serbia and Hungary",* London, United Kingdom, 2015.

Amnesty International: *Индекс бр: EUR 70/1650/2015 Амнести Интернешнал,* јули 2015.

Frontex: *„Western Balkans Quarterly April-June 2015"*, Warsaw. Достапно на: http://frontex.europa.eu//.

Frontex: *„Western Balkans Quarterly January-March 2015",* Warsaw, June 2015. Достапно на: http://frontex.europa.eu//.

Македонско здружение на млади правници: *„Годишен извештај за имиграцискиот притвор во Македонија за 2016 година"*, Скопје, 2016.

Македонско здружение на млади правници: *„Извештај за ефикасноста на правната заштита на човековите права во Република Македонија"*, Скопје, Септември 2014-Декември 2015.

Народен правобранител на Република Македонија: „*Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2017 година",* Скопје, Март 2018.

Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција: *„Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2017 година"*, Скопје, 2018.

Оксфам и неговите партнери-Белградски центар за човекови права и Атина од Република Србија и Македонско здружение на млади правници и Отворена порта/Ла Страда од Република Македонија: „*Програмски извештај за влијанието кое го има затворањето на границите врз бегалците и мигрантите во Србија и Македонија, со посебен фокус на жени и деца",* Скопје, Септември 2016.

Отворена порта / Ла Страда: *„Процена на потребите – Трговијата со луѓе во контекст на миграцијата и бегалската криза",* 2015. Достапно на: http://www.lastrada.org.mk//.